Бр./Nr 12-811/3
12-06-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 19-та седница одржана на 02.06.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под бр. 12-811/1 од 19.02.2025 година, против Здружението на пензионери - ----, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување.

Пријавата и прилозите доставени кон истата да се достават на надлежно постапување на Комисијата за арбитража при Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.

Предметот со бр. 12-811/1 од 20.02.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 19.02.2025 година, поднесена е пријава против Здружението на пензионери - ----. Во пријавата подносителот наведува дека парите од членарината која се плаќала од пензионерите наместо за организирање на активности, се користела за исплаќање на хонорари за функционерите во друштвото, кафе-куварки, хигиеничарки. Дополнително, бил купен и деловен простор, со пари кои биле наменети за изградба на старечки дом.

ДКСК изврши анализа на материјалниот закон кој ја уредува работата на здруженијата на пензионери и се утврди дека ДКСК нема надлежност за

постапување по наводите во пријавата. Имено, Собранието на Сојузот на пензионери има донесено Правилник за работа на Комисијата за арбитража согласно кој за споровите кои произлегуваат од работата на здруженијата членки на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија се формира Арбитража.

*Според член 1 од Правилникот за работа на Комисијата за арбитража на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија (понатаму: Правилник): со овој правилник се уредува организацијата, надлежноста, составот и начинот на работа на Комисијата за арбитража на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија (во натамошниот текст: Арбитража).*
*Според член 2 став 1 од Правилникот, за споровите што произлегуваат од работата на здруженијата членки на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија (во натамошниот текст Сојузот), а со цел користење на пократок начин за нивно решавање, се формира Арбитража.*
*Според став 3 од истиот член, покрај прашањата од став 1 на овој член, Арбитражата може да решава и за спорови на предлог на здружение на пензионери.*

Имајќи ги предвид цитираните одредби од Правилникот, а особено заради фактот што во пријавата, подносителот изнесува сомнежи за сомнително користење на парични средства од страна на локално здружение на пензионери – членка на Сојузот, пријавата да се достави до надлежната Комисијата за арбитража при Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, заради надлежно постапување и надзор.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р. Билјана Каракашова Шулев**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: З.Б Член на ДКСК